РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4032/4

24-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57 -та седница одржана на ден 17.12.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-4032 од 2021 година оформен по со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување поради тоа што во предметниот случај, а по барање на ДКСК, постапено е од друг надлежен орган и е констатирано дека наводите не се потврдени.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страната на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-4032 од 2021 година оформен по пријава број 12-4032/1 од 20.10.2021 година, поднесена до ДКСК од познат подносител - --------- -- ------------ ------------", со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес - Локални избори 2021 година. Имено, во пријавата изнесени се наводи против директорот на РЕ Водовод и канализација Струга, поради склучување на договори за дело и вработување на одредени лица на определено работно време во период на официјално започната изборна кампања, што според подносителот на пријавата било спротивно на Изборниот законик.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК достави барање до Државниот инспекторат за труд, да постапи во рамките на своите законски надлежности и да изврши вонреден инспекциски надзор во предметната институција а по однос на законитоста на постапките за склучување на договори за дело и вработување на одредени лица на определено работно време кои биле реализирани /спроведени во време на изборниот процес 2021 година. По барањето на ДКСК е постапено и добиени се информации со прилог документација а од увидот во прибавената документација констатирано е следново:

За пријавениот случај е извршен вонреден инспекциски надзор и е изготвен записник во кој од увидот на лице место кај РЕ Водовод и канализација Струга со записник на државниот трудов инспектор констатирано е дека:

- Кај работодавачот со засновен работен однос согласно Закон биле вработени вкупно 156 лица, додека пак со договор за дело биле ангажирани 9 лица за период од 01.04.2021

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

година до 31.10.2021 година и од 01.05.2021 до 31.10.2021 година, од 01.08.2021 до 31.10.2021 и од 05.08.2021 до 31.10.2021 година.

- Во периодот од 06.08.2021 година - кога се распишани локалните избори 2021 година - констатирано е дека предметната институција како работодавач немал преземено никакви дејствија по однос на постапки за склучување на договори за дело и вработување на одредени лица на определено работно време т.е. за овој период немало никакви вработувања по било кој основ.

Со оглед на погоре констатираното, ДКСК утврди дека по однос на пријавените наводи, по барање на ДКСК е постапено од страна на друг надлежен орган и со извршениот вонреден инспекциски надзор наводите не се потврдени поради што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Особрил: С.П.Д., Член на ДКСК